Архивски број: 08-361/5
година
13-10- 2022

Постапувајќи по претставката бр. 08-361/1 од 28.06.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје против ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје, за сторена дискриминација по основ на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 12.10.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација врз основ на образование во областа на работата и работните односи врз лицето [redacted] од Скопје, сторена од страна на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-361/1 на 28.06.2022 година од страна на [redacted] вработена во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје против ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје.

Подносителката во претставката наведува дека врз неа е сторена дискриминација врз основ на образование со тоа што не е унапредена на работно место и не е ангажирана во комисии и работни органи на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје и покрај тоа што има долгогодишно искуство како медицинска сестра, дополнето со голем број на стекнати сертификати и признанија за реализирани обуки.

Таа во претставката наведува дека континуирано ја заобиколувале унапредувања, учество во работата на комисии и стручни оспособувања. Понатаму, таа наведува дека моментално е вработена во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје како анестетичар на ОАРИЛ – оддел за анестезија, реанимација и интензивно лекување, а претходно во период од 2017 до 2018 година била ангажирана со договор на дело, по што во ноември 2018 година се вработила со договор за вработување на неопределено време со средна стручна спрема. По една година од вработувањето им било признаено стекнатото високо образование за медицински сестри. Дополнително таа наведува во претставката дека има поднесувано барања до правната служба на болницата во врска со нејзиното долгогодишно работно искуство и реализирани разни стручни обуки со цел нејзин ангажман во раководните структури на болницата, но дека од страна на правникот во правната служба таквите барања не


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

биле проследувани до управниот одбор на болницата. Имено, таа во претставката го наведува правникот и раководител на отсекот за човечки ресурси [redacted] како одговорен за проследување на барањата од вработените, меѓу кои и тие кои се однесуваат на образование или стручно оспособување и воедно наведува дека во нејзиното досие недостасуваат одредени документи од тој вид.

Кон претставката во прилог, подносителката во копии има доставено: барања потпишани од шефот на анестезија и заверени во архива, претставка до Министерство за здравство, дипломи, сертификати и препораки, доказ за работно ангажирање како надворешен оценувач од АКАЗУМ и писмено образложение за „MBA in Health Care" во однос на значењето на студиската програма.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со дописи во два наврати на 30.06.2022 година и 24.08.2022 година ја достави претставката до ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје да се изјасни за наводите во истата во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Од страна на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје, односно од лицето [redacted] до Комисијата е доставен одговор на 14.09.2022 година. Во одговорот се истакнува дека наводите во претставката се неосновани и невистинити во целост. Имено, во одговорот се наведува дека подносителката на претставката доставила барање до ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје во 2018 година со цел да биде ангажирана со договор на дело како би се стекнала со работно искуство, по што од страна на болницата позитивно се одговорило на барањето и се склучил договор со неа. Понатаму, се наведува дека на 19.07.2018 година по добивање на согласност од Министерството за здравство и финансиска согласност од Министерството за финансии се распишал јавен оглас за прием на медицински сестри со средно образование IV степен, а на кој оглас конкурирала и подносителката, по што по спроведената постапка била избрана и вработена со договор за вработување. Дополнително се наведува и дека по воведување на високи школи за дипломирани медицински сестри, на вработените медицински сестри, меѓу кои и подносителката на претставката, кои се стекнале со звањето дипломирани медицински сестри им било признаено таквото образование и соодветно биле унапредени. Исто така, во одговорот е наведено дека подносителката како вработена во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје е распоредувана на работни места согласно нејзиниот степен на образование и согласно потребите на работодавачот.

Согласно така изнесените факти и околности од двете страни, од подносителката [redacted] вработена во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје и од работодавачот ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје, односно лицето [redacted], Комисијата не утврди постоење на дискриминација врз основ на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

образование сторено врз подносителката од страна на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје.

Имено, дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Дискриминацијата е директна кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, за да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група лица. Следствено на тоа, се утврдува и каузалната врска на таквиот нееднаков третман или постапување со определена дискриминаторска основа, односно дека определените дејствија на сторителот на дискриминација се мотивирани или пак причината за истите почива врз некоја од заштитените карактеристики како што се боја на кожа, раса, пол, верско уверување, возраст, етничка припадност, политичко уверување, образование итн.

Согласно член 157 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ" бр. 145/2012; 65/2013; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 101/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 93/2017; 20/2019 и „Службен весник на РСМ" бр. 101/2019; 153/2019; 180/2019; 275/2019; 275/2019; 77/2021; 122/2021; 178/2021; 150/2022), здравствените установи слободните работни места ги пополнуваат преку јавен и преку интерен оглас, преземање од друга здравствена установа и преку распоредување на здравствен работник, односно здравствен соработник во истата здравствена установа на друго работно место.

Во однос на тоа, унапредување на здравствен работник се спроведува преку објава на интерен оглас во смисла на член 162 од истиот Закон. Согласно став 1 од овој член поблиските услови за пријавување на интерен оглас во здравствена установа се уредува на начин што право да се пријави на интерен оглас има секој здравствен работник, односно здравствен соработник кој ги исполнува општите и посебните услови од овој закон, како и:

- да поминал најмалку две години во непосредно пониско работно место од работното место за кое е објавен интерниот оглас и

- да не му е изречена дисциплинска мерка или мерка за намалена работна успешност во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Во таа смисла, Комисијата не ги најде за веројатни изнесените факти и околности во претставката, од причини што подносителката кон претставката не приложила релевантни материјални докази со кои би го сторила веројатно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

постоењето на дискриминација. Таа не навела и не доставила податоци за спроведена постапка за вработување, односно унапредување за определено работно место кое хиерархиски е повисоко од нејзиното. Дотолку што истата не навела релевантни факти за спроведен избор, односно дека се пријавила на објавен оглас за вработување за повисоко работно место и дека со изборот на лице за вработување на тоа место, самата таа била ставена во понеповолна положба од останати пријавени лица или избраното лице, или пак дека била спречена да го оствари своето право согласно позитивните законски прописи во постапката за вработување врз некој од дискриминаторските основи, во конкретниот случај по основ на образование. Дополнително на тоа, не се изнесени факти од каде ќе се увиди дека била спроведена и постапка за учество во комисии на здравствената установа или пак селекција и избор на лица за членови на управниот одбор на болницата.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Оттука, Комисијата имајќи го во предвид горенаведеното, согласно изнесените факти и во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не го најде за веројатно тврдењето дека е сторена дискриминација во смисла на член 6 став 1 врз некој од основите согласно член 5 од Законот.

Согласно горенаведените причини Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Кире Василев

Доставено до:
[redacted]
2. ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk